06-05-2019

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

06.05.19
03 2111/2

Бр. 11-977/3 од 25. 04. 2019 год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно членовите 107 став 13 и 108 ставови 1, 2, 5, 6, 7, 8 и 9 а во врска со член 138 став 6 и став 7 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), постапувајќи по известувањето за исполнување на обврските од оперативниот план од АДИНГ АД Скопје, заведено под бр.11-10520/38 од 22.11.2014год. Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

## Р Е Ш Е Н И Е

За издавање на А – Интегрирана еколошка дозвола

1. Се донесува решение за издавање на А - Интегрирана еколошка дозвола за АДИНГ АД Скопје, по исполнување на обврските од оперативниот план.
2. Се задолжува операторот АДИНГ АД Скопје, да постапува во согласност со условите и обврските димензионирани во дозволата.
3. Се задолжува операторот да ги превземе сите неопходни активности во насока на исполнување на обврските дефинирани во А – Интегрираната еколошка дозвола.

## Образложение

Правниот субјект АДИНГ АД Скопје, доби А – Дозвола за усогласување со оперативен план заведена под број бр.11-416/3..

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

од13.01.2014 год. Согласно 107 став 13 и 108 ставови 1, 2, 5, 6, 7, 8 и 9 а во врска со член 138 став 6 и став 7 од Законот за животна средина операторот АДИНГ АД Скопје, по доставеното известување бр.11-10520/38 од 22.11.2014год. за исполнување на обврските за оперативен план, во насока на реализација на премин од А –Дозвола за усогласување со оперативен план во А-Интегрирана еколошка дозвола, и реализираниот увид на 09.03.2018год. од страна на Државниот инспекторат за животна средина, заради утврдување на исполнувањето на обврските од оперативниот план од А-ДУОП, како и условите димензионирани во Нацрт А-ИЕД, се донесува решение за издавање на А - Интегрирана еколошка дозвола.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Министер
Sadulla Duraki

Изготвил: Светлана Глигорова
Контролирал: Фатос Балиу
Одобрил: Назим Алити

Согласен: Директор на Управа за жс
Xhezmi Saliu